РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3325/8
21.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од седмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 7.8.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Цветанка Миновска (годишен одмор).

**Отсутен**: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).

Директорот на Агенцијата беше заменет од м-р Драгица Љубевска, раководителка на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот - шеф на кабинет, согласно овластување бр.03-2605/1 од 18.6.2025 година.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори седмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 12:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од шестата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.7.2025 година.
2. Предлог-одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип.
3. Предлог-одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струга.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ „КАНАЛ ФЕСТА“ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ „КАНАЛ ФЕСТА“ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.
6. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за набавка на услуга, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки – молерофарбарски услуги.
7. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за набавка на услуга, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки - одржување кафемати.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од шестата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.7.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска ја образложи предложената одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип.

Објасни дека на 3 февруари 2025 година ТРД РА „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје поднесе писмено барање за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, по што Агенцијата се обрати до АЕК со барање информации за слободни фреквенции.

По добиениот потврден одговор беше изработена студија со која се утврди оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип.

Врз основа на тоа, Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на подрачјето на општина Штип, објавена во „Службен весник“ на 14.5.2025 година. Крајниот рок за доставување пријави беше 14 јули 2025 година, при што беше поднесена една пријава со придружна документација од страна на правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје.

Јавното отворање на пријавата се одржа една недела по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 22.7.2025 година, со што поднесената пријава беше разгледувана од аспект на тоа дали истата е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од ЗАВМУ. Во периодот од 23.7.2025 г. до 30.7.2025 г., од страна на  надлежните сектори во Агенцијата

се пристапи кон оценување на пријавата по предметниот јавен конкурс според критериумите за оценување утврдени во Одлуката за објавување јавен конкурс. Беше констатирано дека пријавата ги исполнува условите утврдени во јавниот конкурс. За да се утврди дали постојат законски пречки на подносителот на пријавата да му се додели дозвола за радиоемитување, Агенцијата на 28.7.2025 г. преку Интернет-дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, обезбеди документи од кои е видно на кои трговски друштва правното лице ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје и физичкото лице Ранко Петровиќ се јавуваат како основач/сопственик, при што беше констатирано дека не се прекршуваат одредбите од Глава IV од ЗАВМУ. Имајќи го предвид сето ова, се предлага Советот на Агенцијата да донесе одлука за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна), на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, на кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна), на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, на кандидатот, правното лице Трговското радиодифузно друштво „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „Партизански одреди" бр.62 - ламела Ц/мезанин влез 1, општина Карпош, Скопје.

Радиопрограмскиот сервис ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија (АЕК), и тоа: 105.3 MHz.

Дозволата за радиоемитување на локално ниво се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ" и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката Љубевска ја образложи предложената одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струга. Објасни дека на 29.1.2025 г. физичкото лице Енсар Алуши од Струга достави барање за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, по што Агенцијата се обрати до АЕК со барање информации за слободни фреквенции. По добиениот потврден одговор беше изработена студија со која се утврди оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струга. Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, објавена во „Службен весник" на 14.5.2025 г. Краен рок за доставување пријави за учество на предметниот јавен конкурс беше до 14.7.2025 г., и во овој рок беше доставена една пријава со придружна документација од страна на кандидатот, физичкото лице Енсар Алуши од Струга. Јавното отворање на доставената пријава за учество на јавниот конкурс се одржа една недела по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 22.7.2025 г., со што поднесената пријава беше разгледувана

од аспект на тоа дали истата е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од ЗАВМУ. Во периодот од 23.7.2025 г. до 29.7.2025 г., од страна на надлежните сектори во Агенцијата се пристапи кон оценување на пријавата поднесена од страна на кандидатот Енсар Алуши од Струга. Беше констатирано дека пријавата ги исполнува условите утврдени во јавниот конкурс. Заради правилно утврдување на фактите при донесување на одлуката за доделување дозвола за радиоемитување, односно за да се утврди на кои трговски друштва физичкото лице Енсар Алуши од Струга се јавува како основач/сопственик или, пак, управител, Агенцијата на 23.7.2025 г. и на 28.7.2025 г. пристапи до Интернет-дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, при што беше констатирано дека не се прекршуваат одредбите од Глава IV од ЗАВМУ. Имајќи го предвид сето ова, се предлага Советот на Агенцијата да донесе одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански и на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, на кандидатот, физичкото лице Енсар Алуши од Струга.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за радиоемитување програмски сервис говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански и на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, на кандидатот, физичкото лице Енсар Алуши од Струга.

Радиопрограмскиот сервис ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија (АЕК), и тоа: 104.2 MHz.

Дозволата за радиоемитување на локално ниво се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Претседателот на Советот, Сашо Стефановски, по гласањето на двете одлуки за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво на подрачјата на општините Штип и Струга, им посака успешна реализација на програмските содржини, доследно почитување на законските обврски и унапредување на медиумската понуда, а на слушателите им посака квалитетна, разновидна и корисна програма, која ќе придонесе за информирање, едукација и забава, со добар прием на програмскиот сигнал.

**Точки 4 и 5**

Господинот Стефановски предложи точките 4 и 5 да бидат обединети со заеднички вовед, имајќи предвид дека и двете се однесуваат на ист медиум – ТРД ТВ „КАНАЛ ФЕСТА“ ДООЕЛ Куманово. Станува збор за прекршувања утврдени во рамки на надзорните постапки, кои се однесуваат на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, како и на член 14 од Законот за медиуми.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, објасни дека двете прекршувања кај ТВ ФЕСТА се констатирани при редовниот програмски и административен надзор, спроведен во јуни оваа година. Првото

прекршување, утврдено со програмскиот надзор, се однесува на обврските за заштита на малолетници согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатирано е дека радиодифузерот, во повеќе содржини емитувани на анализираниот ден, користел сигнализација што не е пропишана со Правилникот за заштита на малолетните лица. Поради тоа, се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок за усогласување од 20 дена од денот на прием на решението, по што ќе се изврши контролен надзор за проверка на усогласеноста со законските одредби. Второто прекршување, утврдено со административниот надзор, се однесува на непочитување на обврските за објавување импресум. Радиодифузерите имаат обврска на соодветно место, за секоја содржина од програмскиот сервис, да ги објават потребните податоци за авторите кои учествувале во подготовката на програмата. Оваа обврска не била исполнета во две програми емитувани на конкретниот ден. И за ова прекршување се предлага изрекување мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена, по што ќе се изврши контролен надзор за проверка на усогласеноста.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-2606/1 од 18.6.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ „КАНАЛ ФЕСТА“ ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 3 јуни 2025 година, пред емитувањето на повеќе програми од прва и втора категорија, беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во Правилникот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 7.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор по истекот на рокот определен во решението за јавна опомена, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-2595/1 од 18.6.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ „КАНАЛ ФЕСТА“ ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 3 јуни 2025 година не ги

објави податоците за импресум на верската програма „Kurani fisnik me titra shqip“ и културно-уметничката програма „80 Vjet Dituri“ Sh.F.K. „Bajram Shabani“.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 7.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, го образложи предлогот за одобрување набавка на молерофарбарски услуги, чија проценета вредност е под законскиот праг за примена на Законот за јавни набавки. Наведе дека услугата е наменета за канцелариите на третиот кат од зградата. Агенцијата во повеќе наврати контактирала различни фирми, но доставена е само една понуда под вредносните прагови, која се предлага да биде прифатена за активностите да почнат.

На прашањето на господинот Стефановски дали услугите се наменети за канцелариите на членовите на Советот, Радуновиќ потврди и прецизира дека станува збор за 93,9 м² деловен простор и дополнителни 20 м² за просторот којшто е преграден со гипс-картон.

Советот на Агенцијата едногласно му даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 43.050,00 денари без вклучен ДДВ, односно 50.799,00 денари со вклучен ДДВ, за набавка со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки – за услугата: Молерофарбарски услуги во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За реализирање на горенаведената набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 7**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арѓенд Џелили, го образложи предлогот за одобрување набавка на услуга за одржување кафемати, со проценета вредност под законските прагови за примена на Законот за јавни набавки. Тој појасни дека набавката ќе се спроведе на ист начин како

претходната, но оваа се однесува на одржување на двата кафемати – големиот на вториот кат и помалиот на петтиот кат од просториите на Агенцијата. Доставена е една понуда која, покрај месечното одржување за период од една година, вклучува и дополнителна испорака од 48 кг кафе за истиот период.

На прашањето на господинот Стефановски дали услугата е предвидена за една година, раководителот Џелили потврди дека договорот што ќе произлезе од набавката ќе се склучи за период од дванаесет месеци.

Советот на Агенцијата едногласно му даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 5.000,00 денари месечно, без вклучен ДДВ, односно 60.000,00 денари, без вклучен ДДВ, за 12 (дванаесет) месеци, за набавка со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки – за услугата: Одржување кафемати во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За реализирање на горенаведената набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под точката „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**